Врз основа на член 9 од Одлуката за воспоставување на Општинска годишна награда и признанија („Сл.гласник на општина Струмица“ број 6/97), Комисијата за општествени дејности при Советот на општина Струмица, распишува

***ЈАВЕН ОГЛАС***
***ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКОТО ОПШТИНСКО***
***ПРИЗНАНИЕ É ГОДИШНА НАГРАДА ЗА 2006 ГОДИНА***

I

***ГОДИШНАТА НАГРАДА*** на Општина Струмица се доделува како признание за постигнати особени резултати во: општествено - политичката, стопанската, научно É просветната, културно É уметничката, спортската, и во други области на општествениот живот, со кои се придонело за афирмација на Општината.

II

Наградата се доделува на правни и физички лица за значајни остварувања од претходната точка.

III

Наградата се доделува за остварувања во текот на 2006 година.

IV

Наградата се доделува во вид на:
а)Спомен É плакета и паричен износ;
б)Спомен É плакета и вредносен предмет; и
в)Спомен É плакета.

V

Право на предлагање на кандидати за Годишната награда имаат: правни лица, здруженија на граѓани, група граѓани и поединци.

VI

Предлогот за Наградата треба да биде детално образложен во писмена форма, во 6 (шест) примероци.

За кандидатите поединци предлогот треба да содржи конкретна биографија.

Со предлогот се доставуваат - приложуваат и документи со кои се потврдуваат наводите во истиот.

VII

Огласот трае до 30 ноември 2006 година.

VIII

Предлозите се доставуваат до Советот на општина Струмица - Комисија за општествени дејности, со назнака за ***ГОДИШНА НАГРАДА***.

Комисија за општествени дејности
П р е т с е д а т е л,
Слободанка Триводалиева